РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
Бр. 01-30/1
18.01 20 23 год.

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје, јануари 2023 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

## 1. Резиме

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (во понатамошниот текст: Државна комисија) е самостоен државен орган со својство на правно лице која е основана со Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.130/2014, 53/2016 и 11/2018).

Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги избира по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија и истите се избираат за период од пет години со право на повторен избор. Членовите на Државната комисија од своите редови избираат заменик-претседател.

Моменталниот состав на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е избран од страна на Собранието на Република Северна Македонија со Одлука за избор на претседател и членови на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.08-4998/1 од 29.08.2018 година.

Начинот на работењето и одлучувањето на Државната комисија е уреден со Деловник за начинот на работата и одлучување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.02-457/1 од 21.12.2018 година и Дополнување на Деловникот Бр.02-5/1 од 10.01.2019 година.

Државната комисија има стручна служба и на вработените во стручната служба се применуваат одредбите од Законот со кој се регулираат правата и обврските на административните службеници.

Стручно-административната служба во Државната комисија во своето работење се придржува до Кодексот за административните службеници како и Кодексот на однесување на вработените во Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка кој што содржи етички стандарди и норми за однесување на административните службеници.

Целта на Кодексот на однесување на вработените во Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка Бр.0201-243/1 од 11.07.2019 година е потикнување на

доброто постапување и однесување на адмнистративните службеници и зајакнување на довербата на граѓаните во работата на институциите на јавниот сектор.

## 1.1. Мисија

Обезбедување на висококвалитетна, професионална, независна, ефикасна и ефективна заштита на правата на сите субјекти во постапката по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка.

## 1.2. Визија

Давање на придонес во подобрувањето на целокупниот систем на инспекциски постапки, преку квалитетна, ефикасна, ефективна и транспарентна работа.

## 2. Вовед

Корупцијата е диманична појава која се појавува во повеќе форми и се поврзува со најразлични фактори. Имено корупцијата ја поткопува довербата во владините институции, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за општеството заради ерозијата на вредностите преку коруптивното однесување.

Под корупција се подразбира „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", додека пак под судир на интереси се подразбира „состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Наспроти корупцијата како дијаметрално спротивна појава е интегритетот под кој се подразбира „квалитет на дејствување во согласност со општо прифатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес". Поточно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот.

Истражувањата и извештаите на повеќе релевантни институции укажуваат на неповолна состојба на земјата во справување со корупцијата, која

што е широко распространета во сите сфери на општеството, поради што се наметнува потребата од нејзино намалување, а по можност и нејзино искорнување.

## 3. Мерки и активности за спречување на корупцијата

Државната комисија е надлежна за решавање по жалбите против решенијата донесени во прв степен во инспекциската постапка, што значи дека како контролор на работата на инспекциските служби преку овозможување на владеење на правото и функционирање на правната држава може да има влијание за спречување на корупцијата во државата.

Имено Државната комисија во насока на подобрување на работата на инспекциските служби е во постојана комуникација со истите со цел да се обезбеди правилна примена на Законот за инспекциски надзор и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон и за таа цел во текот на месец Март 2022 година претставници од Државната комисија одржаа работен состанок со претставници на ЗЕЛС, Државниот инспекторат за градежништво, Инспекцискиот совет и градежните инспектори на кој се дискутираше за проблемите со кои во своето секојдневно работење се соочуваат инспекторите, додека во текот на Месец Ноември 2022 година претставници од Државната комисија одржаа работен состанок со општинските инспектори за патен сообраќај на кој се дискутираше за проблемите кои се појавуваат околу примената на Законот за превоз во патен сообраќај и супсидиерната примена на Законот за инспекциски надзор и Законот за општата управна постапка во постапката на инспекцискиот надзор од страна на општинските инспектори за патен сообраќај.

Согласно член 9 став (1) од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Сл.весник на Република Македонија" бр.130/2014...11/2018) истата одлучува на седница како колективно тело, со што се минимизира влијанието на поединци во носењето на одлуките по изјавените жалби, што пак е во насока на спречевање на коруптивното однесување.

Упатството за начинот на движење на предмети оформени по жалбите изјавени против решенијата донесени во прв степен во инспекциската постапка и

по жалбите против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка Бр.02-5/31 од 11.07.2019 година, е донесено од страна на Комисијата и истото е изработено на таков начин што ги вклучува сите чинители во процесот од поднесување на жалбата до донесување на одлуката вклучувајќи го изготвувањето на нацрт-решението, контролата и одобрувањето на истото како и носењето на одлуката на седница на комисијата.

Исто така Комисијата прави постојани напори преку траспарентност на постапките и унапредување на процедурите за работа да ја сведе на минимум злоупотребата на позицијата на кој и да е било ранг, односно да го сведе на минимум коруптивното однесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА,**
**Елизабета Русеска**